N.M. 6.4.1999

*НИЈА НА ВЕНЕЦИЈАНСКОТО БИЕНАЛЕ 1999*

# Кога земјата не знае да настапи сложно

**● Организаторите на прес конференцијата: авторот Петар Хаџи Бошков, кураторот Сузана Милевска и комесарот Драган Бошнакоски веруваат дека причината за откажувањето на нашето учество на големата ликовна светска манифестација лежи во повеќегодишниот конфликт на интереси меѓу Уметничката галерија и МСУ кои пријавиле проекти независно една од друга**

– Борбата на ликовните институции секогаш е на штета на уметниците, понижувањето на авторите е понижување на институциите, а тоа, пак, како затворен круг, е понижување за државата. „Дисквалификацијата" на Македонија на Венецијанското биенале 1999 е еклатантен пример кога една земја не знае да настапи сложно-беа завршните зборови на кураторот на македонскиот проект за годинашната Венеција, Сузана Милевска, историчар на уметноста и ликовен критичар, на вчерашната конференција за медиумите, свикана поради нашето неучество на оваа голема и значајна светска ликовна манифестација која што, за жал без нас, ќе се одржува од јуни до ноември годинава во Венеција.

– Се надевам дека во иднина нашите уметници нема да се обесхрабруваат кога по јавно распишан конкурс од страна на владино ресорно министерство нивниот проект ќе биде избран од компетентна комисија на законски начин, потоа ќе претрпи компромисна измена поради намалените средства во буџетот за ликовната уметност до една петина од дозволениот износ и на крајот нема да биде презентирано за намената – додаде Милевска.

Новинарите вчера за прв пат и официјално дознаа дека покрај предлогот за државен настап на Венеција со независниот проект „Крај на векот" од 70-годишниот скулптор Петар Хаџи Бошков, од Музејот на современата уметност од Скопје е направен обид за „паралелно" учество во други програми на венецијанската манифестација со нивен проект. Организаторите на пресконференцијата веруваат дека „нелојалната конкуренција меѓу МСУ и Уметничката галерија која му дава поддршка на Х. Бошков е причината што довела до откажување на македонското учество. На конференцијата, исто така, комесарот на проектот Драган Бошнакоски, сега советник во Галеријата, а инаку директор на периодот од еднogодишните подготовки за настапот во Венеција, го прочита официјалното писмо кое Галеријата го добила вчера од Управата на Венецијанското биенале, во кое министерот за култура Димитар Димитров му се заблагодарува на генералниот комесар Карл Зигман на поканата за учество на Македонија, одложувајќи го на некое идно, подобро време. Бошнаковски, меѓу другото, вчера го изрази своето длабоко негодување поради неучеството, потсетувајќи на досегашните успеси на Галеријата поврзани со учеството на минатата венеција 1997, на наведувајќи ги достигнувањата во чекорите што беа направени последниве месеци со изнаоѓањето евтин простор за 20.000 германски марки шестмесечна кирија во Венеција за нашиот проект, цврстите врски и контакти на институцијата со селекторите и стекнатиот авторитет во Венеција. Несудениот претставник на годинашното биенале Хаџи Бошков, инаку учесник на Венеција 1978 година од тогашна Југославија, вчера рече дека ниту по една етапа до договорите со министерот за култура не добил од него одговор, туку шпекулациите за (не)одењето на неговиот проект ги дознавал од средствата за информирање. Индиспониран поради неповолниот тек на настаните по „Крајот на векот", кој со својата идеја за купола во вид на војнички шлем и видео–проекција за секојдневниот тек на авторскиот живот во овие времиња и на овие простори, што значи губење шанса за уметнички придонес кон мрачната сегашност, Хаџи Бошков им се заблагодари на соработниците за завршената работа. Присутниот претседател на ДЛУМ Коле Манев најави реагирање на ликовната асоцијација за заштита на својот член доколку се појави потреба од тоа, а директорот на МСУ Зоран Петровски најави контра пресконференција поради несогласувањето со изречените инсинуации на сметка на МСУ, како што рече тој.

С.Ѓуровска



*В ЧЕТВРТОК ВО НИРНБЕРГ*